Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/41

# З А П И С Н И К
од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 април 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:08 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и

Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- ✓ Усвојување на Записникот од 7-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.2.2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 32-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31.3 и 1.4.2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 33-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2.4.2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 35-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4.4.2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 36-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6.4.2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 37-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7.4.2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 38-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.4.2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 39-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9.4.2020 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Информација за Измена бр.1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2018 година

- Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2020 година

- Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 6, 7 и 8 април 2020 година

1. Записник од Дваесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 14 април 2020 година

2. Информација за новонастанатата состојба со наплатата на закупнината на издадениот станбен и деловен простор поради состојбата со коронавирусот КОВИД - 19

3. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година

4. Извештај за работа за 2019 година на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

5. Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2019 година

6. Годишен извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2019 година

7. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КО Прилеп КП бр.13641)

8. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КО Бошава бр.992)

9. Предлог - уредба со законска сила за исплата на паричен надомест за лица ангажирани со договор за дело во органите на државната власт, регулаторните

тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна сопственост на државата, единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје за време на вонредна состојба

10. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба

11. Информација за наодите од изработената Експлоративна анализа на парафискалните давачки за малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија

12. Информација за стекнато земјиште во сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, по основ на наплата на побарувања

13. Информација во врска со потпишување на Меморандум за соработка помеѓу земјите членки на BLUE MED - функционален воздушен блок и Република Северна Македонија

14. Информација за ажурирање на Акцискиот план за Проект: Енергетска ефикасност-рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила, за период до 31.3.2020 година

15. Информација за изградба на пругата Бељаковце-Крива Паланка, за период до 31.3.2020 година

16. Информација за реконструкција на железничка пруга Ногаевци-Неготино, за период до 31.3.2020 година

17. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Градиште“, МХЕЦ „Дворце“ на концесионерот „БАРТ ЕНЕРЏИ“, ДОО, Скопје

18. Информација во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф. бр. 82, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена“ со реф. бр. 85, МХЕЦ „Шеличе“ со реф. бр. 91 на концесионерот „Гравис Хидро“, ДОО, Гостивар од аспект на заштитата на подрачјето на Шар Планина

19. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на преносот на придонесите од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување

20. Информација за имплементација на Законот за централен регистар на население, Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

21. Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција за 2019 година

22. Статут на Приватната високообразовна установа „МИТ Универзитет“ - Скопје

23. Иницијатива од Александра Чаминска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.30/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став (2) од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016, 11/2018 и 275/2019)

24. Иницијатива од Александар Долгоски, адвокат од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019)

25. Иницијатива од Македонско здружение на млади правници - МЗМП и ПОЛИО ПЛУС од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.35/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019)

26. Иницијатива од Александар Ристески, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.29/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015)

27. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.34/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на повеќе членови од Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисии на Фондот на здравствено осигурување на Македонија, донесен од Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2016 и 35/2017).

28. Понуда од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот запишан во Имотен лист број 20301 за КО Штип-5

29. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83861 за КО Радовиш на КП бр.576 викано место/улица „Шаин Маале“

30. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12641 за КО Сарај на КП бр.11594 викано место/улица „Сарај"

31. Кадровски прашања

32. Прашања и предлози

33. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор од извршената ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршената ревизија на успешност на тема ефикасност на извршените услуги на службата за општи и заеднички работи преку искористување на возниот парк

34. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот октомври - декември 2019 година

35. Годишен извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2019 година

36. Извештај за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот јули-декември 2019 година

37. Информација во врска со извршените инспекциски надзори за безбедноста на плински уреди, плински боци и други производи од овој тип, што се продаваат на нашиот пазар, фирмите кои се занимаваат со таа дејност, дали истите имаат лиценци за тоа, извршени контроли во овие фирми (со начин на контрола и друго)

38. Информација за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период до 31.3.2020 година

39. Информација за воведување на информациски систем за управување со енергијата -ЕМИС за период до 31.03.2020 година

40. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2019 година

41. Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2019 година

42. Информација за одржан петнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европска Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 11 април 2019 година, во Брисел

43. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од коронавирусот КОВИД - 19 (Список бр.2)

44. Предлог – уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за земјоделското земјиште за време на вонредна состојба

45. Информација во врска со објавениот Оглас за распределба на 37 социјални станови во Струмица објавен на 14 февруари 2020 година согласно Одлуката за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/20)

46. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 7-та, 32-та, 33-та, 35-та, 36-та, 37-та, 38-та и 39-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 10.2.2020 година, 31.3. и 1.4.2020 година, 2.4.2020 година, 4.4.2020 година, 6.4.2020 година, 7.4.2020 година, 8.4.2020 година и 9.4.2020 година

*

* *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Информација за Измена бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2018 година**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за Измена бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2018 година .

- Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2020 година

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2020 година за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

- **Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 6, 7 и 8 април 2020 година**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 6, 7 и 8 април 2020 година, како материјал за информирање

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Дваесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 14 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата го усвои Записникот и притоа заклучи:

1. Да се достави Предлог до Претседателот на Република Северна Македонија со извештај за досега преземените активности од државните институции, со кој се аргументира дека за успешно справување со коронавирусот КОВИД – 19 во државата потребна е вонредна состојба, согласно член 125 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија .

2. Во врска со заклучокот број 1 од Записникот, се задолжува Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Предлог – уредба со законска сила за дополнување на Законот за трговија, со цел да се разгледа на седницата на Влада што ќе се одржи на 15 април 2020 година.

3. Во врска со заклучокот број 3 од Записникот, се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да го преоцени одредениот временски период во кој е дозволено движење на лицата со попреченост со придружник и доколку оцени за потребно согласно различните категории на лица со попреченост, за наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб да достави соодветен предлог за евентуално зголемување на одредениот временски период за одредени категории.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ја преземе донацијата на Република Кина, од Истанбул, Република Турција до Република Северна Македонија, со владиниот авион Лирџет, без надоместок.

**Точка 2**

Владата го симна од Дневен ред разгледувањето на Информацијата за новонастанатата состојба со наплатата на закупнината на издадениот станбен и деловен простор поради состојбата со коронавирусот КОВИД – 19 и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да не презема активности во однос на наплатата на закупнината на издадениот станбен и деловен простор, се до донесување конечна одлука за постапување од страна на Владата, во врска со ова прашање.

2. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Управата за јавни приходи да подготви и за првата наредна редовна седница на Владата да достави анализа на состојбата со издадениот станбен и деловен простор на територија на Република Северна Македонија и врз основа на тоа да достави соодветна Предлог - уредба со законска сила за постапување во овој период на прогласена вонредна состојба во врска со наплатата на закупнината на издадениот станбен и деловен простор (приватен и државен).

## Точка 3

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година, за седницата на Владата што ќе се одржи на 15 април 2020 година (среда), поради дополнителни усогласувања.

## Точка 4

Владата по новиот текст на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на новиот текст на Годишен извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за економија во кое се укажува дека поврзано со обврските кои произлегуваат од подзаконската легислатива од Законот за енергетика, како и обврските за Агенцијата за енергетика со Законот за енергетска ефикасност, потребно е зајакнување на административните капацитети на Агенцијата за енергетика.

## Точка 5

Владата го разгледа и го усвои најновиот текст на Годишниот извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2019 година.

## Точка 6

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Годишниот извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2019 година.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за исплата на паричен надомест за лица ангажирани со договор за дело во органите на државната власт, регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна сопственост на државата, единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за наодите од изработената Експлоративна анализа на парафискалните давачки за малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија (нов текст), со експлоративна анализа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за култура, Министерството за правда, Државниот завод за индустриска сопственост, Управата за заштита на културното наследство, Управата за јавни приходи, а се укажува на Агенцијата за лекови и медицински средства, Институтот за сметководители и овластени сметководители, Централен регистар, Агенцијата за

цивилно воздухопловство, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да пристапат кон разгледување на услугите кои имаат карактер на парафискални давачки во својата надлежност, а кои се мапирани во Експлоративната анализа на парафискални давачки за малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија од следниве аспекти: оправданоста од намалување или укинување на давачките, вклучително и конкретни предлози за намалување или укинување на определени давачки, можноста за градација во цената на определени давачки според големината на претпријатието, староста на претпријатието и локацијата, можноста и техничката подготвеност за обезбедување на документи по службена должност, како и можноста и техничката подготвеност за дигитализација на услугата и за преземените активности да го информираат Министерството за економија најдоцна до 1.9.2020 година.

2. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за култура, Министерството за правда, Државниот завод за индустриска сопственост, Управата за заштита на културното наследство, Управата за јавни приходи, а се укажува на Агенцијата за лекови и медицински средства, Институтот за сметководители и овластени сметководители, Централен регистар, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, да достават номинација на по еден претставник од раководните нивоа на службеници во Работната група за следење на активностите поврзани со политиките за парафискални давачки, која ќе биде координирана од Министерството за економија најдоцна до 1.4.2020 година Министерството за економија ќе ја информира Владата за активностите на Работната група еднаш годишно.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација Каталогот на услуги да го надгради со дополнителни информации за одделните јавни услуги (цена, сектор или дејност која е засегната) и да ја разгледа можноста за воспоставување и водење на регистар на парафискалните давачки на централно и локално ниво, вклучително и да ги процени административните, техничките и фискалните импликации од една таква активност и за ова да го извести Министерството за економија најдоцна до 1.4.2020 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за стекнато земјиште во сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, по основ на наплата на побарувања ( нов текст),со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена да формира работна група со претставници од Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски, која ќе биде задолжена за предлагање на решение за уредување на случаите на стекнување на земјоделско и градежно земјиште во спроведени постапки за наплата на побарувања од страна на Министерството за финансии по основ на побарувања од компензациони фондови.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски во рок од 5 дена до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да номинираат член и заменик член во работната група која ќе биде задолжена за предлагање на решение за уредување на случаите на стекнување на земјоделско и градежно земјиште во спроведени постапки за наплата на побарувања од страна на Министерството за финансии по основ на побарувања од компензациони фондови.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување на Меморандум за соработка помеѓу земјите членки на BLUE MED – функционален воздушен блок и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу земјите-членки на BLUE MED - функционален воздушен блок и Република Северна Македонија.

2. Се определува Светлана Глигоровска, помошник раководител на Сектор за воздухопловство во Министерството за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу земјите-членки на BLUE MED – функционален воздушен блок и Република Северна Македонија.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за Ажурирање на Акцискиот план за Проект: Енергетска ефикасност-рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила, за период до 31.03.2020 година, ја усвои и заклучи да престане да важи Заклучокот број 3 по Точка 6 (Прашања и предлози) од Деведесет и деветтата (тематска) седница, одржана на 24.04.2018 година, точка 14 од Акцискиот план за реализација на проектите во железничката инфраструктура и сообраќај, со кој Министерството за транспорт и врски во соработка со Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје беа задолжени да ја информираат

Владата на Република Северна Македонија на секои шест месеци за ова прашање се до реализација на проектот.

**Точка 15**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за изградба на пруга Бељаковце-Крива Паланка, за период до 31.3.2020 година , со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, во соработка со Министерството за транспорт и врски, преку Единицата за имплементација на проектот и во соработка со Европската банка за обнова и развој веднаш да утврдат дали Упатството за јавни набавки на Европската банка за обнова и развој предвидува можност за евалуација на понудите од далечина - онлајн, без физичко собирање на Комисијата за евалуација, и доколку оваа можност е предвидена, веднаш да се пристапи кон евалуација на понудите за избор на надзор.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, во соработка со Министерството за транспорт и врски, преку Единицата за имплементација на проектот веднаш да започне постапка за избор на консултантска фирма која треба да даде техничка помош на Единицата за имплементација на проектот во имплементацијата на договорот за градежни работи, притоа во тендерската документација да се преоцени дали е потребно консултантска фирма да започне со давање на техничка помош на Единицата за имплементација на проектот и во постапката за избор на идниот изведувач се до целосно завршување на градбата.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, во соработка со Министерството за транспорт и врски да пристапи кон анализи/проценки за утврдување на износот на средства кои може да бидат пренаменети или откажани од заемот, како и да пристапат кон разгледување на потребата за продолжување на датумот за исполнување на условите за ефективност на проектот.

**Точка 16**

Владата  ја разгледа Информацијата за реконструкција на железничка пруга Ногаевци- Неготино, за период до 31.3.2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, да достави информација до Владата на Република Северна Македонија со предлог за завршување на останатите активности од проектот, во рок од 15 дена.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје во соработка со Министерството за

транспорт и врски да пристапи кон разгледување на потребата за продолжување на датумот за повлекување на средствата од заемот и за истото да го информира Министерството за финансии.

**Точка 17**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Градиште", МХЕЦ „Дворце" на концесионерот „БАРТ ЕНЕРЏИ", ДОО, Скопје, за наредната редовна седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата по Информацијата мислење да достават Министерството за транспорт и врски и Град Скопје, како и истата да се дополни согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена" со реф. бр. 82, МХЕЦ „Пена" со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена" со реф. бр. 85, МХЕЦ „Шеличе" со реф. бр. 91 на концесионерот „Гравис Хидро", ДОО, Гостивар од аспект на заштитата на подрачјето на Шар Планина, за наредната редовна седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да го дополни материјалот согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - уредбата со законска сила за ограничување на преносот на придонесите од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје, да достави информација до Владата на Република Северна Македонија со предлог за завршување на останатите активности од проектот, во рок од 15 дена.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски да пристапи кон разгледување на потребата за продолжување на датумот за повлекување на средствата од заемот и за истото да го информира Министерството за финансии.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Законот за централен регистар на население, Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во рок од 30 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават листа на закони и подзаконски акти во нивна надлежност со кои се регулираат електронското работење и административните услуги.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во рок од 10 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинација на еден или повеќе претставници со контакт податоци кои работат на прописите од листата заради подготовка на анализа на усогласеноста на прописите од листата со трите закони, со акциски план за нивно усогласување.

3. Се задолжува министерот за информатичко општество и администрација да формира работна група врз основа на номинациите која ќе ја водат вработени од Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 10 дена од денот на приемот на номинациите.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го одложи за наредната редовна седница на Владата разгледувањето на Годишниот извештај за работењето на Оперативно - техничката агенција за 2019 година, поради потребата Генералниот секретаријат на Владата да подготви обединето мислење и истото да се разгледа на седницата на Владата.

**<u>Точка 22</u>**

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна установа „МИТ Универзитет“ – Скопје, доставен под бр.0302-118 од 18 февруари 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија. Согласно член 94 точка 1 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

По текстот на Статутот на „МИТ Универзитет“ - Скопје, од аспект на Законот за високото образование, како и од формално правен аспект Владата на Република Северна Македонија укажува на следново:

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот за високото образование упатува да се регулираат со статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со Законот за високото образование, освен во случаите кога законот дава овластување за дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе само член 94 точка 1 од Законот за високото образование.

Во членот 12 во ставот 2 зборовите „освен на високообразовните установи на верските заедници основани со закон“ да се избришат, бидејќи не е материја која се уредува со овој статут.

Членот 15 од Статутот да се усогласи со членот 12 од Законот за високото образование.

Во членот 27 да се преоцени потребата од сите споредни дејности наведени во Статутот, со оглед дека дел од нив не произлегуваат од основната дејност на Универзитетот, ниту се поврзани со студиските програми кои се реализираат на Универзитетот и се предлага целиот овој член да изостане.

Членот 33 од Статутот да се дополни со одредба дали единиците на универзитетот имаат својство на правно лице (член 15 став (7) од Законот за високото образование).

Во членот 33 ставот 5 да се усогласи со членот 97 од Законот за високото образование и при тоа да се има во предвид ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.“ Ова се однесува и на членовите 35, 38 и 77 од Статутот.

Членот 36 е во колизија со членот 37.

Во членот 58 во ставот 2 од Статутот зборот „Кодекс“ да се замени со зборовите „Етички кодекс’, согласно член 21 став 3 точка 13 од Законот за високото образование.

Членот 78 од Статутот да се усогласи со членот 87 од Законот за високото образование. Во членот 78 зборот „Универзитетот“ да се замени со зборовите „Единицата на универзитетот“, заради усогласување со член 85 став 3 од Законот за високото образование.

Членот 97 од Статутот да се дополни со ставовите 4 и 5 од членот 92 од Законот за високото образование. Во членот 97 ставот 1 од Статутот, да се усогласи со ставот 9 од членот 93 од Законот за високото образование.

Исто така, Статутот да се дополни со одредби за постапка за избор на членови на Сенатот, постапка за нивно разрешување (член 93 став 10 од Законот за високото образование).

Во членот 112 ставот 1 да се дополни со рок во кој се доставуваат поканата и материјалите за седницата на Сенатот.

Во членот 119 во ставот 2 зборовите „и е одговорен за наставната дејност на универзитетот“ да изостанат заради усогласување со ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.“

Во членот 123 ставот 2 да се усогласи со ставовите 10 и 12 на членот 97 од Законот за високото образование.

Членот 140 од Статутот да се допрецизира .

Членот 145 од Статутот да се преработи во насока на усогласување со ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.“

Во членот 146 да се дополни со бројот на претставниците на студентите, согласно член 103 став 3 од Законот за високото образование.
Во членот 149 зборот „благовремено" да се замени со конкретен рок.

Членот 174 да се дополни дека наставно-научниот, односно научниот совет е и орган на управување (член 109 став 1 од Законот за високото образование).

Членот 178 е нејасен во насока што треба да се уреди со правилникот на единицата.

Членовите 203 и 204 од Статутот да се усогласат со членот 129 ставови 1 и 2 од Законот за високото образование.

Членот 206 да се усогласи со членот 130 од Законот за високото образование.

Членот 207 да се усогласи со членот 131 од Законот за високото образование.

Во членот 234 ставот 3 од Статутот да се усогласи со членот 143 став 2 од Законот за високото образование.
Во членот 240 ставот 1 да се усогласи со член 149 став 1 од Законот за високото образование, како и членот 240 да се дополни во насока на ставот 6 од членот 149 од Законот за високото образование.

Во членот 241 ставовите 2, 3 и 4 да изостанат, од причина што истото се уредува со општ акт на универзитетот (член 148 став 2 од од Законот за високото образование).
Во членот 232 ставот 1 од Статутот да се усогласи со членот 151 став 4 од Законот за високото образование.

Во членот 308 ставот 2 е во колизија со ставот 1.

Во членот 348 во ставот 1 зборот „студентите" да се замени со зборот „редовните студенти (член 31 став 1 од Законот за високото образование), а ставот 3 да се усогласи со член 31 став 5 од Законот за високото образование.

Статутот да се дополни и со:

- одредби за начинот на вршење на надзор над наменското трошење на средствата кои универзитетот ги доделува на студентските собранија, на што упатува член 34 став 4 од Законот за високото образование

- одредби за бројот на членовите на универзитетското студентско собрание, како и органите на универзитетското студентско собрание и начинот на нивниот избор, на што упатува член 36 став 6 од Законот за високото образование и

- одредби за учеството на студентите во органите на универзитетот и на единиците на универзитетот, прашањата за кои рамноправно одлучуваат, бројот, начинот на избор и другите прашања од значење за остварување на нивните права поблиску се

уредуваат со статутот на универзитетот и статутот на единиците на универзитетот, на што упатува член 39 став 3 од Законот за високото образование.

Исто така, членот 361 да се усогласи со член 16 став 2 од Законот за високото образование, а членот 362 да изостане од причини што не е преодна, односно завршна одредба.

Исто така, се укажува дека секое вметнување на одредби во Статутот на високообразовната установа, надвор од пропишаното во Законот за високото образование, особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за нивно дополнително уредување со Статут, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

Точка 23

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Александра Чаминска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.30/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став (2) од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016, 11/2018 и 275/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со наводите во Иницијативата за оценување на уставноста на членот 63 став (2) од Законот за филмската дејност, се укажува дека истите се нејасни, неаргументирани и неосновани, заради што се предлага Уставниот суд истата да ја отфрли како неоснована, поради фактите кои подолу се и наведени и образложени.

Во напред наведената Иницијатива се оспорува уставноста на членот 63 став (2) од Законот за филмската дејност со кој е уредено дека надоместоците од членот 12 став (1) алинеи 1 до 7 од овој закон за 2013 година ќе се уплаќаат на сметката на Агенцијата, почнувајќи од 1 јануари 2014 година.

Во образложението за оспореноста на оваа одредба од Законот, во Иницијативата се наведува дека одредбата се оспорува согласно принципот на забрана за ретроактивно дејство на законите од член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој во Република Северна Македонија законите се во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Во Иницијативата се наведува дека ретроактивноста и неуставноста произлегува од фактот дека со членот 63 став 2, се бара да се пресметува надоместок за измината 2013 година, по новиот Закон за филмската дејност за надоместоци кои знатно се поголеми од утврдените со Законот за филмската дејност, кој во периодот од едно полугодие не постоел, а во правниот систем започнал да се применува од 1.1.2014 година. Понатаму во Иницијативата се наведува дека членот 63 став 2 од Законот за филмската дејност, во целост е неуставен и е во колизија со членовите 65 и 66 од Законот за филмската дејност, од причина што со наведените членови

надоместоците се пресметуваат согласно Законот кој важел во времето кога се создадени правно истите. Надоместокот кој се пресметува за 2013 година и кој е потребно да биде платен се пресметува согласно Законот кој важел за тој период, а во овој случај е Законот за филмскиот фонд кој важел заклучно со 31.12.2013 година.

Во однос на погоре наведените наводи за оспорување на уставноста на членот 63 став (2) од Законот за филмската дејност, укажуваме на следново:

Со членот 1 од Законот за филмската дејност, покрај прашањата поврзани со основањето и работата на Агенцијата за филм на Република Македонија, се уредува и вршењето на филмската дејност. Со членовите 2 и 3 од Законот, се уредуваат општи одредби за филмската дејност, при што е утврдено дека развојот, производството, промоцијата, дистрибуцијата и јавното прикажување на филмови се од јавен интерес за Република Македонија.

Со членот 11 од Законот за филмската дејност се уредува дека средствата потребни за работа на Агенцијата за филм се обезбедуваат пред се од Буџетот на Република Македонија, а Агенцијата стекнува средства и од: сопствени приходи од финансирање филмски проекти, вршење услуги од нејзина надлежност, соработка со меѓународни организации и институции, надоместоци на правни лица утврдени во овој закон, дотации, донации, спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон и приходи од управување со слободните парични средства на Агенцијата.

Со членот 11 став 2 алинеја 4 и член 12 од Законот за филмската дејност, се утврдени надоместоци на правни лица со кои се финансира филмската дејност во Република Северна Македонија, а се уплаќаат како надоместоци во Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

Според тоа, од содржината на член 12 став 1 алинеите 1 до 7 од Законот, произлегува дека во субјекти кои учествуваат во финансирање на работата Агенцијата за филм на Република Македонија, се опфатени правни лица (алинеите 1 до 7), кои имаат учество во искористувањето на филмот имајќи ја предвид дејноста која ја вршат.

Согласно членот 61 став (1) од Законот за филмската дејност Националната установа Филмски фонд на Република Македонија престанува со работа како национална установа и продолжува со работа како Агенција за филм на Република Македонија од денот на именувањето на директорот на Агенцијата. Со ставот (2) на истиот член е утврдено дека Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на започнувањето на примената од овој закон, ќе именува директор на Агенцијата. Со ставот (4) пак е утврдено дека со денот на именувањето на директорот на Агенцијата, Агенцијата ги презема документацијата, архивата и другите средства за работа, просторот и опремата, како и побарувањата, обврските и долговите од Националната установа Филмски фонд на Република Македонија.

Со членот 63 став (2) од Законот е уредено дека:

„(2) Надоместоците од членот 12 став (1) алинеи од 1 до 7 од овој закон за 2013 година, ќе се уплаќаат на сметката на Агенцијата, почнувајќи од 1 јануари 2014 година.

Со членот 65 пак од Законот е уредено дека: „Со денот на започнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2006, 92/2008, 36/2011, 136/2011 и 136/2012).".

Со наведените одредби се утврдува преодниот режим на примената на Законот за филмскиот фонд на Република Македонија, како и отпочнувањето на примената на Законот за филмската дејност. Тргнувајќи од тоа дека со овој закон, Агенцијата за филм е правен наследник на Филмскиот фонд на Република Македонија, односно Агенцијата како орган ги презема побарувањата од Филмскиот фонд на Република Македонија, со оваа одредба се регулира дека по влегувањето во сила на Законот за филмската дејност, надоместоците (за кои и со Законот за филмскиот фонд на Република Македонија е утврдена обврска да се уплаќаат на сметка на Фондот: Член 7 став (2) од Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2006, 92/2008, 36/2011, 136/2011 и 136/2012) правните лица ќе треба да ги уплатат по одредбите од Законот за филмската дејност.

Во конкретниот случај, Законот за филмската дејност, е влезен во сила 13 јуни 2013 година, а се применува од 1 јануари 2014 година. Исто така, треба да се има предвид и Законот за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" број 18/2014) со кој се намалени процентите за надоместокот што треба да ги плаќаат правните лица на Агенцијата, влегол во сила на 6 јануари 2014 година.

Член 13 став (1) од Законот, уредува дека правните лица кои имаат обврска за плаќање на надоместоците од членот 12 став (1) алинеи 1-7 од овој закон, се должни до Агенцијата да достават податоци за остварени приходи од вршењето на дејностите од членот 12 став (1) алинеи 1 до 7 од овој закон до 15 март во тековната година за претходната година.

Од наведеното произлегува дека обврска за уплаќање на надоместоци, правните лица имале и по Законот за филмскиот фонд кој престанал да важи со денот на започнувањето со примена на новиот Закон за филмската дејност-1 јануари 2014 година. Тоа значи дека обврската за плаќање на надоместоците постои во континуитет, со тоа што по новиот закон тие се уплаќаат на Агенцијата за филм, како правен следбеник на Национална установа филмски фонд на Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, односно дека Законот се однесува за пресметки и уплати кои се вршат во тековна година (на пример во 2014 година), а за претходна година (на пример 2013 година во која не биле уплатувани надоместоци за 2013 година), произлегува дека оспорената одредба од членот 63 став 2 од Законот нема

повратно дејство и се однесува на оние постапки за уплата кои се во тек, на основа податоци за остварени приходи во претходна година.

Повратно дејство има ако една норма се однесува на односи кои се завршени пред влегувањето во сила на нормата, а повратно дејство нема ако нормата регулира незавршени односи или односи кои се во тек, како што е во конкретниот случај.

Законот за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" број 18/2014), е донесен на 29 јануари 2014 година, а според член 5 од наведениот закон, истиот влегол во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", односно на 6 февруари 2014 година. Овој закон не содржи одредба за повратно дејство на Законот, што значи истиот има правно дејство од неговото влегување во сила па во иднина.

Во однос на наводите во Иницијативата дека треба да се има предвид и фактот што Уставниот суд ја укинал одредбата од член 63 став 3 од Законот, се укажува на следново:
Со Одлуката бр. У. Број: 64/2014-0-1 од 16.3.2016 година се укинува член 12 став 1 алинеите 8 и 9 и член 63 став 3 од Законот за филмската дејност. Уставниот суд ја укинал одредбата од член 63 став (3) од Законот, од причина што при анализата на оспорениот член 63 став 3 од Законот, оценил дека овој оспорен законски член е уреден во врска со оспорениот член 12 став 1 алинеи 8 и 9 од Законот, поради што и за овој оспорен член од Законот, оценил дека не е во согласност со одредбите од Уставот. Оттука, овие две одредби не може да се ставаат во корелација.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Иницијативата за оценување на уставноста на член 63 став (2) од Законот за филмска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016, 11/2018 и 275/2019) е неоснована, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба, со оглед дека истата е во очигледен континуитет со пропишаните обврски и е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019), поднесена од Александар Долгоски од Прилеп и притоа го утврди следново мислење

Со Иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019), од причина што подносителот на истата смета дека истата е ограничувачка и дискриминаторска одредба, поради тоа што право на надоместок заради попреченост може да оствари лице до навршување на 65

годишна возраст, а како што е наведено во предметната иницијатива истото е во спротивност со одредбите од членовите 8, 9, 10, 11, 29 став 1, 34, 35, 39, 50 став 1 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија, спротивно на членовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за заштита од дискриминација и членот 14 од Европската конвенција за човековите права. Како аргументи во иницијативата, подносителот ги наведува прописите кои биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, а со кои правото на мобилност не било ограничено со горната граница на возраст на корисникот.

По однос на предметната иницијатива за оценување на уставноста на 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), разгледани се наводите во иницијативата и релевантните прописи, со цел за оцена на правните аргументи по однос на истата.

Имено, согласно со член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е дадено овластување Републиката да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и да им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, да обезбеди посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), во членот 2, ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со член 3 од овој закон е утврдено дека дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и

обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон. Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), се изврши реформа на системот на социјалната заштита и евидентно унапредување на правата на лицата со попреченост, засновано на начелата на социјалната заштита, особено на начелото на еднаков третман и недискриминација (член 15), начелото на партиципативност (член 17), начело на индивидуализација (член 18) и начелото на најдобар интерес (член 22).

Со овој пропис, во насока на олеснување на животот и поголема социјално вклучување на лицата со попреченост како парични права се воведуваат правото на надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, како и траен надоместок на родител кој се грижеле за своето дете со попреченост и не го сместиле во социјална установа, со кој се стекнува на возраст за пензионирање, поради тоа што не се стекнале со пензија по друг основ. Со овој закон, правото на надоместок заради попреченост се проширува и за лицата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува до 50% од просечна нето плата.

Надоместок заради попреченост, согласно со член 44 од Законот за социјалната заштита, има за цел преку овој надоместок да се обезбеди поттикнување на социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Со став 2 на оваа одредба, надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот.

Со член 48 е уредено право на надоместок за помош и нега од друго лице, кое може да го оствари лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока

интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи. При тоа правото заради попреченост и надоместок за помош и нега од друго лице меѓусебно не се исклучуваат.

Со преодните одредби на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019), со член 359 е дадено задолжување на центрите за социјална работа по службена должност со решение да извршат преведување на лицата кои оствариле права според досегашните прописи од социјална заштита, во правата утврдени со одредбите на новиот закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Воедно, со членот 360 од овој закон, корисниците на постојана парична помош, додатокот на мобилност и слепило, додатокот за глувост и паричен надоместок за помош и нега од друго лице се преведуваат во соодветното право на парична помош од социјална заштита согласно со постојниот наод, оцена и мислење врз основа на кој е стекнато правото, до истекот на периодот за контролен преглед, додека со членот 363, лицата кои со решение на центарот за социјална работа се сместени во установа за институционална заштита и користи право на додаток на мобилност и слепило и додаток за глувост во согласност со прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат со користење на надоместокот заради попреченост согласно со одредбите од овој закон, додека трае сместувањето.

Со Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019), лицето над 65 годишна возраст, заедно со неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, остваруваат парично право во висина на месечен износ од 6.000 денари, како и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во висина од 1.000 денари месечно, за месеците од октомври до март.

Реформата на системот на социјална заштита, воведена со новиот Закон за социјалната заштита, овозможи користење на социјални услуги како помош во домот, лична асистенција, обезбедување на помош и поддршка и други услуги во центри за дневно и привремен престој, согласно индивидуалните потреби на крајните корисници. Имено, новиот закон предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги.

Услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот за лица со намален функционален капацитет, додека услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош за лица со намален функционален капацитет за остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот за задоволување на личните потреби и поттикнување на социјалната

интеграција и партиципација во општествениот живот, како директна поддршка на лицата со попреченост за овозможување на независен живот и вклучување во општеството.

Исто така, се развива и услугата за одмена на семејна грижа која ќе обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмор, лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, што е исто така дел од новиот Закон за социјалната заштита.

Владата на Република Северна Македонија изминатата година ја усвои Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник", кој предвидува 66 милиони евра за 10 годишна реформа на системот за социјална заштита. Веќе се преземаат активности за воспоставување индивидуализирани социјални услуги во домот на корисникот и во заедницата, така што со овој документ се овозможува имплементација на одредбите на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, особено во насока на овозможување на независен живот и независно одлучување на лицата со попреченост.

Одредбите од Законот за социјалната заштита прават правна целина, меѓусебно се надоврзуваат и овозможуваат лицата со попреченост да добијат соодветни права и услуги, особено во обезбедување и подобрување на поддршката и негата, а со цел за зголемување на независноста на лицата со попреченост и нивната вклученост во општеството, наместо само добивање на парични надоместоци, како што беше уредено со прописите кои важеа пред донесување на овој закон.

Врз основа на наведеното, член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита се заснова на уставното начело на социјална праведност, се гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Оваа одредба е во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.101/2019), и тоа заради превенцијата и забраната од дискриминација (член 1), обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи (член 2), спречување и заштита од дискриминација од страна на сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица во подрачјето на социјална заштита, особено за лицата со попреченост како лица кои имаат долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите (членови 3 и 4), забрана за секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна

или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (член 5) и не се врши дискриминација врз основа на секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други, по сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите ( член 6).

Исто така, членот 44 став 2 од Законот за социјалната заштита е во согласност со член 14 од Европска конвенција за заштита на човековите права, во однос на уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција и забраната на дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, се смета дека со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита.

## Точка 25

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Македонското здружение на млади правници – МЗМП и ПОЛИО ПЛУС движење против хендикеп од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.35/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019) и притоа го утврди следново мислење

Со Иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 44 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019), од причина што подносителот на истата смета дека истата е спротивна на правниот поредок и член 35 став 3 и член 118 од Уставот на Република Северна Македонија.

По однос на предметната иницијатива за оценување на уставноста на член 44 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), разгледани се наводите во иницијативата и релевантните прописи, со цел за оцена на правните аргументи по однос на истата.

Имено, согласно со член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е дадено овластување Републиката да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и да им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, да обезбеди посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), во членот 2, ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со член 3 од овој закон е утврдено дека дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон. Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), се изврши реформа на системот на социјалната заштита и евидентно унапредување на правата на лицата со попреченост, засновано на начелата на социјалната заштита, особено на начелото на еднаков третман и недискриминација (член 15), начелото на партиципативност (член 17), начело на индивидуализација (член 18) и начелото на најдобар интерес (член 22).

Со овој пропис, во насока на олеснување на животот и поголема социјално вклучување на лицата со попреченост како парични права се воведуваат правото на надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, како и траен надоместок на родител кој се грижеле за своето дете со попреченост и не го сместиле во социјална установа, со кој се стекнува на возраст за пензионирање, поради тоа што не се стекнале со пензија по друг основ. Со овој закон, правото на надоместок заради попреченост се проширува и за лицата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува до 50% од просечна нето плата.

Висината на правото на гарантираната минимална помош, согласно член 29 став 1 од Законот за социјалната заштита се пресметува како основица за еден член на домаќинството, зголемена за коефициент од еквивалентната скала за другите членови на домаќинството, а најмногу за вкупно пет члена во домаќинството, а согласно, а со ставот 5 е предвидено еквивалентна скала се зголемува за лице кое е неспособно за работа поради интелектуална попреченост, телесна попреченост, душевно заболување или поради трајни промени во здравствената состојба, но најмногу до три члена во домаќинството и тоа за првиот член за коефициент од 0.5, за вториот член за коефициент од 0.2, за третиот член за коефициент од 0.2. Со ставовите 5 и 6 од оваа одредба, неспособноста за работа се утврдува со наод, оцена и мислење од стручна комисија за утврдување на неспособност за работа формирана при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување по исклучок, за неспособно за работа се смета лице чиј вид и степен на попреченост е утврден со наод, оцена и мислење на стручен орган, утврден на начин согласно со членот 295 став 2 од овој закон.

Надоместок заради попреченост, согласно со член 44 став 1 од Законот за социјалната заштита, има за цел преку овој надоместок да се обезбеди поттикнување на социјална вклучување и еднакви можности на лице кое е со

тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Со став 4 на оваа одредба, е утврдено дека овие лица не можат да користат право на надоместок заради попреченост, ако со решение на центарот за социјална работа подолго од 30 дена е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка или во здравствена или друга установа за периодот додека трае сместувањето.

Законот за социјалната заштита, согласно уставното начело за социјална праведност, во остварување на паричните права од социјална заштита, на ист начин предвидел истото правно решение. Имено, во член 32 став 1 во алинејата 2, е предвидено дека при утврдување на висината на гарантираната минимална помош за член на домаќинство не се смета лице кое со решение на центарот за социјална работа е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка, или друга установа. Со член 44 став 4 е утврдено дека надоместок заради попреченост не може да оствари лице, ако со решение на центарот за социјална работа подолго од 30 дена е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка или во здравствена или друга установа за периодот додека трае сместувањето. Со член 53 став 2 е утврдено дека лице кое со решение на центарот за социјална работа подолго од 30 дена е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка, здравствена или друга установа не може да користи надоместок за помош и нега од друго лице за периодот додека трае сместувањето. Со член 60 став 2 е утврдено дека право на траен надоместок може да оствари родител кој има дете со попреченост, кој се грижел за детето до неговата 26 годишна возраст, без истото да користи услуга на вон-семејна социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж.

Со преодните одредби на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019), со член 359 е дадено задолжување на центрите за социјална работа по службена должност со решение да извршат преведување на лицата кои оствариле права според досегашните прописи од социјална заштита, во правата утврдени со одредбите на новиот закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Воедно, со членот 363, лицата кои со решение на центарот за социјална работа се сместени во установа за институционална заштита и користи право на додаток на мобилност и слепило и додаток за глувост во согласност со прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат со користење на надоместокот заради попреченост согласно со одредбите од овој закон, додека трае сместувањето. Оваа одредба има за цел корисниците кои го стекнале правото согласно со прописите кои претходно важеле, да продолжат да го користат ова право и по новиот Закон за социјалната заштита.

Реформата на системот на социјална заштита, воведена со новиот Закон за социјалната заштита, овозможи користење на социјални услуги како помош во

домот, лична асистенција, обезбедување на помош и поддршка и други услуги во центри за дневно и привремен престој, согласно индивидуалните потреби на крајните корисници. Имено, новиот закон предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги.

Услугата помош и нега во домот обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот за лица со намален функционален капацитет, додека услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош за лица со намален функционален капацитет за остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот за задоволување на личните потреби и поттикнување на социјалната интеграција и партиципација во општествениот живот, како директна поддршка на лицата со попреченост за овозможување на независен живот и вклучување во општеството.

Исто така, се развива и услугата за одмена на семејна грижа која ќе обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмор, лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, што е исто така дел од новиот Закон за социјалната заштита.

Владата на Република Северна Македонија ја усвои Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник", кој предвидува 66 милиони евра за 10 годишна реформа на системот за социјална заштита. Веќе се преземаат активности за воспоставување индивидуализирани социјални услуги во домот на корисникот и во заедницата, така што со овој документ се овозможува имплементација на одредбите на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, особено во насока на овозможување на независен живот и независно одлучување на лицата со попреченост.

Со услуги на вон-семејна заштита, согласно со член 86 од Законот за социјалната заштита, се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита. Услуги на вон-семејна заштита се живеење со поддршка, згрижување во друго семејство и сместување во установа.

Сместувањето во установа согласно со член 94 опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24 часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон-семејна заштита.

Со членот 95 од Законот за социјалната заштита, услугата за сместувањето во установа за деца, стари лица, лица со попреченост и баратели на азил покрај основната заштита, обезбедува пристап до образование, стекнување на животни

вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на корисниците на услугите. Одредбата од член 98 за услугата за сместување на лица со попреченост, лица кое имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица, кои имаат потреба од спроведување на третман и рехабилитација, пропишува дека покрај основната заштита, на овие лица им се обезбедува, третман и рехабилитација, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење, во зависност од потребата на корисникот.

Цените на услугите од социјална заштита со одлука ги утврдува министерот врз основа на методологија за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услугата, која ја пропишува министерот, согласно член 308. Нормативите за услугата за вон-семејна заштита се во фаза на изготвување и ќе ги содржат стандардите за давање на услугата согласно законот, при што ќе се следи интенцијата на законот на овие лица да им се обезбеди враќање во своето семејство или друга услуга во заедницата или неговиот дом.

Одредбите од Законот за социјалната заштита прават правна целина, меѓусебно се надоврзуваат и овозможуваат лицата со попреченост да добијат соодветни права и услуги, особено во обезбедување и подобрување на поддршката и негата, а со цел за зголемување на независноста на лицата со попреченост и нивната вклученост во општеството, наместо само добивање на парични надоместоци, како што беше уредено со прописите кои важеа пред донесување на овој закон.

Врз основа на наведеното, член 44 став 4 од Законот за социјалната заштита се заснова на уставното начело на социјална праведност, се гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Оваа одредба е во согласност со Европска конвенција за заштита на човековите права, во однос на уживањето на правата и слободите, признати со оваа конвенција и забраната на дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус, а од истите причини и со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, се смета дека со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека член 44 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“

бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 34, член 35 и член 118 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 4 од Законот за социјалната заштита.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Александар Ристески, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.29/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015) и притоа го утврди следново мислење

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) во делот на институтот „мирување на постапката“, со кој како што е наведено во предметната иницијатива се повредуваат одредбите од член 8 став 1 алинеја 3, од Уставот на Република Северна Македонија.

Во предметната иницијатива е наведено дека оспорениот член не е во согласност со Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) од причина што согласно овој закон во правниот поредок не постои правниот институт „мирување на постапката“.

Разгледувајќи ги правните аргументи истакнати во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството, во следните измени на Законот за семејството ќе се предложи да се изврши усогласување на посебната парнична постапка во брачните спорови со Законот за парничната постапка.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да го има предвид горенаведеното при донесувањето на својата одлука и да ја цени Иницијативата поднесена од адвокат Александар Ристески од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.29/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството, согласно Уставот и законите на Република Северна Македонија.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.34/2020 за

поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на повеќе членови од Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, донесен од Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2016 и 35/2017) и притоа го утврди следново мислење

Согласно членот 20 став 6 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 711/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија има законско овластување со општ акт да го утврди составот и начинот на работа на комисиите од ставовите 1 и 2 на овој член. Согласно тоа Управниот одбор на Фондот има донесено Правилник за составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2016 и 35/2017).

Имајќи го предвид законскиот основ врз основа на кој е донесен предметниот Правилник, делот „надлежност" од насловот и делот „надлежност" од одредбите на Правилникот не се во согласност со членот 20 став 6 од Законот за здравственото осигурување.

Исто така не се оспоруваат наводите во поднесената иницијатива за делот „или со општи акти" од членот 6 од оспорениот Правилник за составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2016 и 35/2017).

Воедно, оспорениот Правилник по својата содржина и карактер не претставува пропис, туку акт донесен од страна на Управниот одбор на Фондот, а согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, меѓудругото, одлучува за согласноста на прописите со Уставот и со законите, заради што Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2016 и 35/2017) не треба да биде предмет на оценка на неговата уставност и законитост.

<u>**Точка 28**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот запишан во Имотен лист број 20301 за КО Штип-5 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

<u>**Точка 29**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83861 за КО Радовиш на КП бр.576 викано место/улица „Шаин Маале“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12641 за КО Сарај на КП бр.11594 викано место/улица „Сарај“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 31**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 32**

1. Во врска со Извадокот од Нацрт – записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 март 2020 година по Информацијата за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД (точка 52), Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД како материјал за информирање, и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2018 година, во рок од 30 дена.

**2.** Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика да направи анализа во однос на тоа што е опфатено во додатоци и надоместоци на плата согласно Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба (минат труд, степен на кариера и други додатоци и надоместоци, согласно закон и постојните колективни договори).

Согласно наведеното, доколку се оцени за потребно Министерството за труд и социјална политика за наредната седница на Владата да достави соодветно изменување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, во кое ќе се прецизира ова прашање.

**3.** Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот КОВИД – 19 и заклучи истата повторно да се разгледа на седницата на Владата што ќе се одржи на 15 април 2020 година (среда), откако претходно ќе се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 33**

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор од извршената ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршената ревизија на успешност на тема„ Ефикасност на извршените услуги на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија преку искористување на возниот парк, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор од извршената ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност на извршените услуги на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија преку искористување на возниот парк“ и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 34**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот октомври - декември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта, во редовна владина постапка, да достави информација за статусот на реализација на капиталните проекти за периодот јануари – март 2020 година.

**Точка 35**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во мислењето на Министерството за економија, да им биде доставена на располагање базата на податоци за странски инвеститори и приливот на странски директни инвестиции во Република Северна Македонија за да можат да вршат анализи и истражувања на резултатите и ефектите од приливот на странски инвестиции,

како и креирање и предлагање на мерки и активности за водење инвестициска политика во земјата.

**Точка 36**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1 јули до 31 декември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршените инспекциски надзори за безбедноста на плински уреди, плински боци и други производи од овој тип, што се продаваат на нашиот пазар, фирмите кои се занимаваат со таа дејност, дали истите имаат лиценци за тоа, извршени контроли во овие фирми (со начин на контрола и друго), како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период до 31.3.2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на информациски систем за управување со енергијата -ЕМИС за период до 30.09.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан петнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европска Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 11 април 2019 година, во Брисел, како материјал за информирање.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од коронавирусот КОВИД - 19, со прилог кон Информацијата Список бр.2, ја усвои и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр. 1, наведени во Список бр.2.

## Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за земјоделското земјиште за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата во врска со објавениот Оглас за распределба на 37 социјални станови во Струмица објавен на 14 февруари 2020 година, согласно Одлуката за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/20) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го поништи објавениот Оглас за распределба на 37 социјални станови во Струмица, објавен на 14 февруари 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски веднаш по престанокот на вонредната состојба на територија на Република Северна Македонија да објави нов оглас за распределба на социјалните станови во Општина Струмица.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

*
*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:00 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски